

"Почитуван г. министре,

Во текот на септември 1941 година, заедно со семејството, сопругата и синот, се преселив во Скопје, при што од Софија ја пренесов сета покуќнина.

Немајќи сопствен дом, бидејќи моите родители живеат во Тетово, од чиновникот за државни имоти ми беше определено да живеам во куќата на ул. 248 бр. 6, во која ја сместив сопствената покуќнина. Поради настаните на 8-ми септември 1944 г., го напуштив Скопје без да ја изнесам покуќнината и заминав за Софија. Причините поради кои ја напуштив татковината Македонија, ќе ги изнесам подолу.

Поради различните патишта по кои одев за слободата на Македонија, денес сум определен како неподобен жител на татковината..., иако постојано живеам со убавата мисла дека ќе ми биде дозволено да живеам во Македонија и да бдам полезен. ...

Тоа мое решение да живеам во Бугарија е привремено и ми налага да си ја соберам покуќнината. Домашните ми јавуваат дека во куќата во која се наоѓа покуќнината се вселило службено лице, кое одбило да ги предаде работите. ...

На почетокот на молбата ветив дека ќе ги изложам причините поради кои ги напуштив Скопје. Бев загрижен за навлегувањето на Љотиќевците и Дража Михаиловичевите вооружени групи, за кои имаше сведоштва дека се веќе во Сурдулица и второ, ако останев во Скопје, ќе требаше да се потчинам на германските војски.

Од Љотиќевците и Дражамихаиловичевците се плашев дека како стар борец на ВМРО ќе посегнат по мене, а на Германците не сакав да им служам.

Треба да ви раскажам за следното:

Неколку денови пред бугарските воени и административни власти да ја напуштат Македонија, во кабинетот на обласниот директор Тома Петров, на состанок бевме повикани неколку граѓани.

Обласниот директор ни рече дека бугарската влада му наредила да свика состанок со видни граѓани и да основа 'привремена македонска влада' под покривителство на германската воена команда и германскиот конзул во Скопје, и таа влада треба да ја објави автономијата на Македонија.

Сите присутни требаше да се изјаснат. Јас прв се јавив за збор, и буквално го кажав следново:

' *Господине директоре, не во 11 часот, туку сега земете го телефонот и соопштете им на министрите, да им ја ебам мајката, зошто ни советуваат да ја објавуваме автономијата на Македонија. Ние тоа нема да го направиме.*

*Господине директоре, вие не водите сметка дека меѓу нас нема представници на тие што имаат право да зборуваат, тие што се по планините. Вие ли сте врската со нив, со тие што утре ќе влезат со оружје в рака во градот? Тие со право ќе кажат: кои сте вие да основате привремена влада на автономна Македонија без нас да не прашате? Вие ли, кои цели три години танцувавте во военот клуб, вие ли имате право на такво нешто без да сте ополномоштени од нас, кои во тоа време бевме во планината и водевме борба со бугарските и германските власти? ...Затоа господа предлагам понатаму да не дебатираме по ова прашање* . '

Господине министре, мојот став по ова прашање им беше познат и на германските воени власти и на германскиот конзул, и го ризикував животот во Скопје поради повлекувањето на бугарските власти.

Некој би прашал: а зошто не отиде в партизани? На тоа прашање, еден човек како мене би можел кратко да одговори: немав гаранција дека ќе бидам примен од нив, ниту пак сакав да бидам смешен и да се определувам во последната минута за да се наредам до тие што со месеци беа по планините. ...

Великобугарин сум до толку, до колку сум можел да имам право да живеам во сопствената татковина Македонија, слободен и невознемируван. За слободата на Македонија сум се борел против великобугарството, за што во Бугарија сум бил осуден на смрт и сум лежел во затвор 5 години и 4 месеци.

Ако бев великобугарин ќе се согласев на државна служба во Скопје која настојчиво ми беше нудена. Ако бев великобугарин, барем на едно државно собрание во Македонија ќе говорев. ќе пишував во весниците за великобугарството...

Ако бев великобугарин, немаше да ги одбегнувам прославите и банкетите, иако сум бил специјално канет....

И најпосле, ако бев великобугарин, ќе отидев на приемот во општината организиран од цар Борис. Упорно бев поканува да присуствувам, но откажав и не отидов. Тоа ќе го потврди и г. Кирил Жерновски, кој во својство на помошник на кметот имаше наредба да ме покани.

И кога официјалните органи ми составуваа белешки дека одбегнувам од тоа, им одговарав:

'Додека бугарските власти ја сметаат Македонија за своја колонија, јас не сакам со присуството да го потврдувам тоа'. ...

Како член на В.М.Р.О. Да, таков бев, и имав престапи против бившото Кралство

Југославија. Титовата Југославија и Федерална Македонија не можат и не треба да бараат сметка од тие кои по својата идеологија се бореле против Кралска Југославија. В.М.Р.О. и неговите членови не водеа борба против новата демократска Титова Југославија.

Почитуван г. министре,

Интересно е да наредите едно сеопфатно истражување на мојата дејност од 1941 г. до 8-ми септември 1944 година...И ако се докажат моите полезни работи во Македонија, да наредите да ми се врати покуќнината според приложениот список, за да останам со добри чувства кон управителите на мојата татковина Македонија во која мечтаам да живеам.

Со почит кон вас и за доброто на мојата татковина Македонија

*Софија 15 октомври 1945 година*
*Со почит,*
*Борис Бунев*